# XXVII

# СИМПОЗИУМ НА МАКЕДОНСКОТО АРХЕОЛОШКО ДРУШТВО
## *in honorem Бошко Бабиќ*

## XXVII Symposium of the Macedonian Archaeological Association
## *in honorem Boško Babić*

*ХОТЕЛ МОЛИКА, БИТОЛА*
*20-22 НОЕМВРИ 2024*

*HOTEL MOLIKA, BITOLA*
*20-22 NOVEMBER, 2024*



mad.org.mk | http://macedactaarchaeol.mk/ | isk.edu.mk

# КНИГА СО АПСТРАКТИ
# BOOK OF ABSTRACTS

МАКЕДОНСКО АРХЕОЛОШКО ДРУШТВО - СКОПЈЕ

ЈНУ ИНСТИТУТ ЗА СТАРОСЛОВЕНСКА КУЛТУРА - ПРИЛЕП

Наслов:
XXVII Симпозиум на
Македонското археолошко друштво
*in honorem* д-р Бошко Бабиќ
книга со апстракти

Издавач:
МАД - Македонско археолошко друштво - Скопје
ЈНУ Институт за старословенска култура - Прилеп

Главен уредник:
Орданче Петров

Членови на организациски одбор:
Орданче Петров
Александар Василески
Валентина Тодоровска
Александар Миткоски
Душко Цветанов
Игор Кузманоски

Лектор:
Душко Деспотовски

Компјутерска обработка:
Орданче Петров

Печати:
Стоби Трејд, ДООЕЛ Кочани

Тираж:
60 примероци

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека “Св. Климент Охридски”, Скопје

902/904(062)(048.3)

СИМПОЗИУМ на македонското археолошко друштво in honorem д-р Бошко Бабиќ
(27 ; 2024 ; Битола)
Книга со апстракти : XXVII Симпозиум на македонското археолошко друштво in honorem д-р Бошко Бабиќ (Хотел Молика, Битола, 20-22 ноември 2024) = Book of abstracts / XXVIIth Symposium of the macedonian archaeological association in honorem Boško Babić (Hotel Molika, Bitola, 20-22 november 2024) ; [главен уредник Орданче Петров]. - Скопје : Македонско археолошко друштво - МАД ; Прилеп : Институт за старословенска култура, 2024. - 72 стр. ; 21 см

Текст на повеќе јазици

ISBN 978-608-67111-1-5 (МАД)
ISBN 978-608-4523-24-6 (Институт)

а) Археолошки истражувања -- Наоди -- Собири -- Апстракти

COBISS.MK-ID 64745221

**XXVII СИМПОЗИУМ НА**
МАКЕДОНСКОТО АРХЕОЛОШКО ДРУШТВО
*in honorem д-р Бошко Бабиќ*
(Хотел Молика, Битола, 20-22 ноември 2024)

---

**XXVII[th] SYMPOSIUM**
OF THE MACEDONIAN ARCHAEOLOGICAL ASSOCIATION
*in honorem Boško Babić*
(Hotel Molika, Bitola, 20-22 november 2024)

КНИГА СО АПСТРАКТИ / BOOK OF ABSTRACTS

Скопје - Прилеп / Skopje - Prilep
2024

СРЕДА, 20 НОЕМВРИ 2024

12:00 - 13:00 Пријавување на учесниците

13:00 - 14:00 Свечено отворање на XXVII симпозиум на МАД

*Predrag Novaković*
**THE WORK OF BOŠKO BABIĆ IN THE ARCHAEOLOGICAL SOCIETY OF YUGOSLAVIA AND ASSOCIATION OF THE ARCHAEOLOGICAL SOCIETIES OF YUGOSLAVIA**

14:00 - 16:00 **КОКТЕЛ И РУЧЕК**

## ПРВА СЕСИЈА (16:00-17:30)

Претседавач Зоран Рујак

16:00 - 16:15 *НАУМОВ Гоце*
**ХРОНОЛОШКО МОДЕЛИРАЊЕ НА РАНИОТ НЕОЛИТ ВО ПЕЛАГОНИЈА**

16:15 - 16:30 *СТОЈАНОВА КАНЗУРОВА Елена*
**АРХЕОЛОШКИ ИСТРАЖУВАЊА НА НЕОЛИТСКАТА НАСЕЛБА „ТУМБА МАЏАРИ“ - СКОПЈЕ ВО 2024**

16:30 - 16:45 *СТОЈАНОВСКИ Дарко*
**НАЈНОВИ РЕЗУЛТАТИ ОД ИСТРАЖУВАЊАТА НА БАРУТНИЦА, АМЗАБЕГОВО**

16:45 - 17:00 *СИНАДИНОВСКИ Перо, ДОНЕВ Дамјан, ВАСИЛЕВСКИ Сашко, РИСТОВ Јовица, РИСТОВСКИ Далибор, МАРЧЕВСКА Наталија*
**АРХЕОЛОШКИ ИСТРАЖУВАЊА НА НЕОЛИТСКАТА НАСЕЛБА ЦОЦЕВ КАМЕН ВО 2024 ГОДИНА**

17:00 - 17:30 **ДИСКУСИЈА**

## ВТОРА СЕСИЈА (17:45-19:15)

Претседавач Елена Стојанова Канзурова

17:45 - 18:00 *РУЈАК Зоран*
**ЕЗЕРСКА НАКОЛНА НАСЕЛБА „МРДАЈА“ – ДОЈРАН ОД ДОЦНОТО БРОНЗЕНО ДОБА И ПРЕОДНИОТ ПЕРИОД ПОМЕЃУ БРОНЗЕНОТО И ЖЕЛЕЗНОТО ВРЕМЕ: РЕЗУЛТАТИ ОД ЗАШТИТНИТЕ АРХЕОЛОШКИ ИСТРАЖУВАЊА 2024 ГОДИНА**

18:00 - 18:15 *НАЦЕВ Трајче, СЛАМКОВ Емил*
**ЗАШТИТНИ АРХЕОЛОШКИ ИСТРАЖУВАЊА НА ЛОК. БОГОСЛОВ КАМЕН, С. ГОРНИ БАЛВАН, ШТИП**

18:15 - 18:30 *МАЧКОВСКИ Андреј, ЛЕЈСИ Сара, СТОЈАНОВСКИ Дарко, ТЕМОВСКИ Марјан, НАЦЕВ Трајче, АТАНАСОВ Раде*
**ПЕШТЕРА БУДИМИРИЦА, КАВАДАРЕЧКО: СОНДАЖНО ИСКОПУВАЊЕ 2024**

18:30 - 18:45 *ЈАКИМОВСКИ Антонио, ЛИЛЧИЌ АДАМС Виктор*
**УБИКАЦИЈА НА АНТИЧКИОТ ГРАД ПЕЛАГОНИЈА**

18:45 - 19:15 **ДИСКУСИЈА**

ЧЕТВРТОК, 21 НОЕМВРИ 2024

## ТРЕТА СЕСИЈА (9:00-10:30)

Претседавач Бошко Ангеловски

9:00 - 9:15 *КУЗМАН Паско*
**ЕНГЕЛАНА (КУЛИШТА, КИКЛОПСКИ ЅИДИНИ, НАД СВЕТИ ЕРАЗМО, ГАБАВСКИ РИД)**

9:15 - 9:30 *АРЏАНЛИЕВ Пере*
**ПОГРЕБУВАЊА ОД АРХАЈСКИ ПЕРИОД ОД РАСНИЦА КАЈ С. КОРОШИШТА - СТРУГА**

9:30 - 9:45 *ЧАУСИДИС Никос*
**ПОГРЕБНИ АПЛИКАЦИИ ЗА ДЛАНКИ И ЗА ТАБАНИ ВО ДОЦНОАРХАЈСКИТЕ НЕКРОПОЛИ ОД МАКЕДОНИЈА**

9:45 - 10:00 *ЈАКИМОВСКИ Антонио, ЛИЛЧИЌ АДАМС Виктор, ТЕМЕЛКОСКИ Душко*
**КУЛТНИОТ КАРАКТЕР НА МОНУМЕНТАЛНАТА ГРОБНИЦА НА ЛОКАЛИТЕТОТ ПАВЛА ЧУКА, БОНЧЕ**

10:00 - 10:30 **ДИСКУСИЈА**

## ЧЕТВРТА СЕСИЈА (10:45-12:15)

Претседавач Антонио Јакимовски

10:45 - 11:00 *ЃОРЃИЕВСКИ Дејан*
**ОБРЕДИ ВРШЕНИ ВРЗ КАРПА ВО ХЕЛЕНИСТИЧКИОТ СЛОЈ ОД ГРАДИШТЕ ВО МЛАДО НАГОРИЧАНЕ**

11:00 - 11:15 *МИРОСЛАВ Петковски, ЃОРЃИЕВСКИ Дејан*
**ГРАДИШТЕ – МЛ. НАГОРИЧАНЕ, ИСТРАЖУВАЊА 2024 г.**

11:15 - 11:30 *АНГЕЛОВСКИ Бошко, ЈАКИМОВСКИ Антонио*
**АРХЕОЛОШКИ ИСТРАЖУВАЊА НА ЛОКАЛИТЕТОТ ДРМА – БАДАР 2022 И 2024 ГОДИНА**

11:30 - 11:45 *МАНАСКОВА Магдалена, КОСТАДИНОВ Златко*
**ДОЦНОАНТИЧКИ БРОНЗЕНИ РАЧНИ ФУРКИ ОД ВИНИЧКО КАЛЕ**

11:45 - 12:15 **ДИСКУСИЈА**

## ПЕТТА СЕСИЈА (12:30-14:15)

Претседавач Пере Арџанлиев

12:30 - 12:45 *ЛИЛЧИЌ АДАМС Виктор и ЈАКИМОВСКИ Антонио*
**ВОЕНИОТ СИНЏИР НА АНТИГОН ГОНАТА ЗА ОДБРАНА НА ЛИНКЕСТИДА, ДЕВРИОП, АГРИАНИЈА, ПЕЛАГОНИЈА И ДАСАРЕТИЈА**

12:45 - 13:00 *ВАСИЛКОВА МИДОСКА Анита*
**НЕКОИ ОСОБЕНОСТИ НА ГРОБОВИТЕ ОД АНТИЧКАТА НЕКРОПОЛА НА ЛОКАЛИТЕТОТ КАЛЕ/ГРАДИШТЕ КАЈ СЕЛО ЗГРОПОЛЦИ**

| | | |
|---|---|
| 13:00 - 13:15 | *КУЗМАНОСКИ Иīор*<br>**НОВ МИЛЈОКАЗ ОД ТЕРИТОРИЈАТА НА СКУПИ** |
| 13:15 - 13:30 | *ЃОРЃИЕВСКА Лидија*<br>**МОНЕТИ ОД КОВНИЦИТЕ СТОБИ И ВИМИНАЦИУМ ЗАСТАПЕНИ ВО ЗБИРКАТА НА ЛУ НАРОДЕН МУЗЕЈ ВЕЛЕС** |
| 13:30 - 13:45 | *ЛИЛЧИЌ АДАМС Викшор, ШИРТОВСКИ Иīор, ПЕТКОВСКА Андриана*<br>**КАРАКТЕРОТ НА АРХЕОЛОШКИОТ ЛОКАЛИТЕТ КАЛЕ ДАБ КАРАБАЛИ БОГДАНЦИ ВО РАНОВИЗАНТИСКИОТ ПЕРИОД** |
| 13:45 - 14:15 | **ДИСКУСИЈА** |

## ШЕСТА СЕСИЈА (16:00-17:45)

Претседавач Игор Кузманоски

| | |
|---|---|
| 16:00 - 16:15 | *CAROLYN S. Snively*<br>**EXCAVATION AT GOLEMO GRADIŠTE, KONJUH, 2024** |
| 16:15 - 16:30 | *ИВАНОВИЌ Радомир*<br>**БАЗИЛИКА Б НА ЛОКАЛИТЕТОТ ГОЛЕМО ГРАДИШТЕ С. КОЊУХ** |
| 16:30 - 16:45 | *ANTONARAS Anastassios C.*<br>**PRODUCTION TECHNIQUES AND ARCHAEOLOGICAL INSIGHTS OF GOLD MOSAIC TESSERAE. DISCUSSING SOME EASTERN MEDITERRANEAN EXAMPLES** |
| 16:45 - 17:00 | *СЕРАФИМОВА Маринела, АТАНАСОВА Илинка*<br>**СТУДИСКИ МАТЕРИЈАЛ ОД СТАКЛО ОД СЕКТОР ЕПИСКОПИУМОТ НА АРХЕОЛОШКИ ЛОКАЛИТЕТ БАРГАЛА** |
| 17:00 - 17:15 | *ANGELOFF Nick*<br>**THE UTILITY OF LIDAR AND GROUND PENETRATING LIDAR AT CRNOBUKI GRADISHTE AND DEMIR KAPIJA** |
| 17:15 - 17:45 | **ДИСКУСИЈА** |

## СЕДМА СЕСИЈА (18:00-19:30)

Претседавач Валентина Тодоровска

18:00 - 18:15 *ФИЛИПОВИЋ Војислав, БУЛАТОВИЋ Александар*
**АРХЕОЛОШКИ ФАЛСИФИКАТИ ИЗ ОКОЛИНЕ ПОЖАРЕВЦА**

18:15 - 18:30 *ТАЛЕВСКИ Христијан*
**ДИГИТАЛНИ АЛАТКИ ЗА МАПИРАЊЕ НА АРХЕОЛОШКОТО РЕЗОНИРАЊЕ И ТОЛКУВАЊЕ**

18:30 - 18:45 *MEDIN Dušan*
**O ARHEOLOŠKIM ZBIRKAMA I IZLOŽBAMA U CRNOJ GORI DANAS**

18:45 - 19:00 *ТЕМЕЛКОСКИ Душко, СТОЈАНОВСКИ Антонио*
**ВИРТУЕЛНА РЕКОНСТРУКЦИЈА НА АДМИНИСТРАТИВНАТА ЗГРАДА НА АГОРАТА ВО СТИБЕРА**

19:00 - 19:30 **ДИСКУСИЈА**

ПЕТОК, 22 НОЕМВРИ 2024

## ОСМА СЕСИЈА 8 (9:00-10:30)

Претседавач Никос Чаусидис

9:00 - 9:15 *ЦВЕТАНОВ Душко, РАБАЏИСКА Марија*
**КАРАКТЕРИСТИКИ И ВЛИЈАНИЈА ВРЗ НЕКРОПОЛАТА НА ЛОКАЛИТЕТОТ СВ. 40 СЕВАСТИСКИ МАЧЕНИЦИ – С. БАНСКО ВО КОНТЕКСТ НА ВРЕМЕНСКИТЕ ПРИЛИКИ (XIV - XVII ВЕК)**

9:15 - 9:30 *ПЕТРОВ Орданче*
**ПЕРФОРИРАНИ КЕРАМИДИ ОД КАЛЕ – СТРЕЗОВ ГРАД**

9:30 - 9:45 *ТЕМЕЛКОСКИ Душко, КРСТЕСКИ Владимир, ЈАНДРЕСКА Оливера*
**ИСТРАЖУВАЊА ВО СЕВЕРНОТО ДВОРИШТЕ НА МАНАСТИРСКИОТ КОМПЛЕКС ТРЕСКАВЕЦ**

9:45 - 10:00 *СТОЈКОСКИ Слободан*
**АРХИТЕКТОНСКИ КАМЕНИ ЕЛЕМЕНТИ И КАМЕНА ПЛАСТИКА ОД АРХЕОЛОШКИОТ ЛОКАЛИТЕТ „ЈЕНИ ЏАМИЈА“ - БИТОЛА**

10:00 - 10:30 **ДИСКУСИЈА**

## ДЕВЕТА СЕСИЈА 9 (10-45:12-30)

Претседавач Орданче Петров

10:45 - 11:00 *СЕКУЛОВ Ване П.*
**ОД ХЕРМЕС ДО ХРИСТОС ГЕНЕЗА НА РАЗВОЈОТ НА ПОГРЕБНИТЕ ОБИЧАИ НА НЕКРОПОЛИТЕ НА СПОМЕНИЧКАТА ЦЕЛИНА ЦРВЕНО ПОЛЕ**

11:00 - 11:15 *ШТЕРЈОВ Митко, СЕКУЛОВ Ване П.*
**МОГИЛА 4: ЛОКАЛИТЕТ БЕШ ТЕПЕ-АНЧЕ, с. КАРБИНЦИ**

11:15 - 11:30 *ДОНЕВ Дамјан, ВАЈЗОВА Барбора, ИВАНОВИЌ Радомир*
**СИСТЕМАТСКИ РЕКОГНОСЦИРАЊА КАЈ СЕЛО НАКОЛЕЦ, ПРЕСПА**

11:30 - 11:45 *ПЕТКОВСКИ Мирослав*
**ТЕРЕНСКА ЕВИДЕНЦИЈА НА ЛОКАЛИТЕТИ ВО КУМАНОВСКО – РЕКОГНОСЦИРАЊЕ 2023 Г.**

11:45 - 12:00 ИЛИЕВСКИ Александар
**ТИПОЛОГИЈА НА ФРИТИЛУСИТЕ ОД СТОБИ**

12:00 - 12:15 *АТАНАСОВА Илинка*
**ПРЕДМЕТИ ОД КАМЕН И КОСКА ОД РАНОЕНЕОЛИТСКОТО СВЕТИЛИШТЕ СВ.АТАНАСИЈ**

12:15 - 12:45 **ДИСКУСИЈА**

12:45 - 13:00 **ЗАТВОРАЊЕ НА XXVII СИМПОЗИУМ НА МАД**

# АПСТРАКТИ

# ABSTRACTS

NOVAKOVIĆ Predrag

## THE WORK OF BOŠKO BABIĆ IN THE ARCHAEOLOGICAL SOCIETY OF YUGOSLAVIA AND ASSOCIATION OF THE ARCHAEOLOGICAL SOCIETIES OF YUGOSLAVIA

Boško Babić has been very actively engaged in the Archaeological Society of Yugoslavia (ASY) since the early 1960s. Since 1963, when he was elected to the society's Executive Board, he has remained a member of the society's bodies and task groups. In 1972, Boško Babić became the first president of the newly established organization - the Association of Archaeological Societies of Yugoslavia (AASY). The transformation of once united (ASY) into AASY in the late 1960s and early 1970s was associated with the general federalization of Yugoslavia. However, this process was difficult and not without tensions between the national/republican archaeologies. In the 1960s, questions were raised about ASY's concept, scope and role; the strongest criticism came from Croatia. It took two congresses of ASY (Bor 1969, Zadar 1972) for this transformation to be completed. Boško Babić, who took the presidency of AASY, faced considerable challenges, especially how to 're-design' the president's role and set the direction of developing the new organization in practice. Both tasks demanded some diplomacy and good knowledge of the conditions of archaeology in Yugoslavia at that time. Looking retrospectively, after four years of his presidency, he succeeded in stabilizing the society and launching some important new projects (e.g., the journal Balcanoslavica).

***Среда, 20.11.2024***
***прва сесија, 16:00 - 17:30***

*НАУМОВ Гоце*

## ХРОНОЛОШКО МОДЕЛИРАЊЕ НА РАНИОТ НЕОЛИТ ВО ПЕЛАГОНИЈА

За почетоците на неолитот е многу говорено и предложени се повеќе перспективи за временските рамки кога почнуваат општествените трансформации на првите земјоделци. Ваквите согледувања направени се главно врз

основа на апсолутното датирање на бројни локалитети во Евроазија, со што приложени се и неколку видувања за ширењето на неолитот низ различни региони. Во таа смисла истото е предложено и за неолитот во Македонија, претежно базирајќи ги толкувањата на датите добиени во 1970-тите години. Следствено на тоа, по автоматизам е пресметан и временскиот распон на неолитот во Пелагонија. Меѓутоа од 1970-тите години до сега поминати се повеќе од 50 години и ваквите согледувања втемелени на релативната хронологија и паушалните обопштувања се веќе одамна надминати.

Поради тоа, во изминатите десет години интензивирани се проучувањата на предисторијата во Пелагонија, вклучително и хронолошкото определување на неолитот во најголемата македонска котлина. Како резултат на тоа, направени се педесетина датирања на неколку неолитски локалитети со цел да се изведе апсолутна хронологија за овој регион и за прв пат да се приложи егзактно толкување на почетоците и развојот на неолитот во овој дел од Балканот. Следствено на тоа, направено е калибрирање на добиените дати и нивно моделирање во хронолошки секвенци со што изведено е прецизно определување на временскиот распон карактеристичен за неколку неолитски тумби во Пелагонија, а кои воедно и ќе бидат сумирани во рамки на ова излагање.

*СТОЈАНОВА КАНЗУРОВА Елена*

## АРХЕОЛОШКИ ИСТРАЖУВАЊА НА НЕОЛИТСКАТА НАСЕЛБА „ТУМБА МАЏАРИ“ - СКОПЈЕ ВО 2024

Резултатите од најновите археолошки истражувања во 2024 год., во неолитската населба „Тумба Маџари“, лоцирана во општината Гази Баба, Скопје, се посебни за македонската предисториска археологија поради откривањето на нов сад жртвеник со претстава на божицата – Голема Мајка. Овој керамички предмет со претстава на Големата Мајка или антропоморфен модел на куќа се разликува од досегашните познати примери откриени на овој и другите неолитски локалитети во Скопскиот Регион (како во с. Говрлево, с. Мршевци и с. Орман). Во текот на ископувањата се откриени остатоци од една или две градби - куќи, и во нив археолошки материјал кој бил дел од оваа населба, стара 8 000 години. Во следниот период истражувањата ќе се насочат кон добивање податоци од обласна на археоботаниката, археозоологијата, петрографијата, технологијата на изработка и употреба на керамиката, литичката индустрија, со што ќе се дополнат сознанијата за економијата на населението од оваа населба, и генерално неолитот на територијата на Македонија.

*СТОЈАНОВСКИ Дарко*

## НАЈНОВИ РЕЗУЛТАТИ ОД ИСТРАЖУВАЊАТА НА БАРУТНИЦА, АМЗАБЕГОВО

Археолошките истражувања на неолитскиот локалитет Барутница кај с. Амзабегово, Светиниколско, беа обновени и континуирано се спроведуваат од 2019 година. Оваа долгорочна иницијатива има за цел што пошироко разбирање на основањето и развитокот на населбата од повеќе аспекти, кои ја вклучуваат материјалната култура и технолошките достигнувања, менаџирањето на ресурси од страна на неолитското население, релациите со природната средина, демографија, исхрана, здравје, мобилност итн. Истражувањата кај Амзабегово имаат импликации на тековите на Неолитската наука во поширокиот регион на Балканот и понатаму кон централна Европа. Овде презентираме некои основни карактеристики на населбата, како и првични резултати од хронолошки, микроморфолошки и геомагнетни истражувања извршени во текот на 2024 година.

*СИНАДИНОВСКИ Перо, ДОНЕВ Дамјан, ВАСИЛЕВСКИ Сашко, РИСТОВ Јовица, РИСТОВСКИ Далибор, МАРЧЕВСКА Наталија*

## АРХЕОЛОШКИ ИСТРАЖУВАЊА НА НЕОЛИТСКАТА НАСЕЛБА ЦОЦЕВ КАМЕН ВО 2024 ГОДИНА

Првите сериозни археолошки истражувања на овој локалитет беа изведени во 2018 год. кога преку методите на интензивно рекогносцирање беа првично дефинирани границите на неолитската населба. Во 2020 год., кога беа превземени ископувања на една позиција северозападно од карпата, под самото плато, при што беа истражени околу 50 м$^2$. Со тие истражувања се документираа 4 културни слоеви од неолитскиот период, покривајќи го периодот од раниот, па сè до доцниот неолит. Во 2024 год. се одлучивме да ги продолжиме истражувањата на истото место, со проширување на сонда 1 кон исток. Со тие истражувања беа дефинирани границите на објектот од последниот, доцнонеолитски слој, објект од кој што поголемиот дел беше истражен во 2020 год. Овој објект бил подигнат на релативно стрмна позиција, за што било потребно делумно вкопување во земјата, но и нанесување на супструкција од земја и камења од северната страна, каде што теренот има остар пад. Покрај овој објект, во северниот и источниот профил на сондата беа пронајдени рушевтински остатоци од уште еден објект, кој бил вкопан во земјата, а бил изграден од бела земја, идентично како прет-

ходниот. Помеѓу овие две појави беа истражени 2 културни јами чија што хронолошка припадност не можеме со сигурност да ја определиме.

Со цел да ги дефинираме границите на населбата и нејзиниот однос со реката Врлеј, решивме да отвориме една една контролна сонда во која беше пронајден еден слој со керамички фрагменти од повеќе историски и праисториски епохи. Се работи за геолошки слој кој настанал благодарение на чистењето на културните слоеви од платото што се наоѓа над сондата. Под овој слој беше пронајдено старото корито на Врлеј, со што стана јасно дека овде, на оваа изохипса немаме културни остатоци. Овие податоци ќе ни бидат од голема помош во дефинирањето на правците на идните археолошки истражувања на неолитската населба Цоцев Камен.

***Среда, 20.11.2024***
***втора сесија, 17:45 - 19:15***

*РУЈАК Зоран*

## ЕЗЕРСКА НАКОЛНА НАСЕЛБА „МРДАЈА" – ДОЈРАН ОД ДОЦНОТО БРОНЗЕНО ДОБА И ПРЕОДНИОТ ПЕРИОД ПОМЕЃУ БРОНЗЕНОТО И ЖЕЛЕЗНОТО ВРЕМЕ: РЕЗУЛТАТИ ОД ЗАШТИТНИТЕ АРХЕОЛОШКИ ИСТРАЖУВАЊА 2024 ГОДИНА

Археолошките истражувања на езерската наколна населба Мрдаја – Дојран, во текот на 2024 година, дадоа нови и непроценливи податоци за понатамошно проучување на праисториските наколни населби во Р Македонија. Во текот на оваа археолошка кампања беа истражени две сонди. Првата со димензии 5 x 10 м и втората со димензии 6,5 x 11,5 м. Се вкупно беше истражена површина од околу 125 м$^2$. Истражувањата покажаа дека, зависно од позицијата на сондите, културниот слој се наоѓа на просечна длабочина од 1,40 м (сонда 5), до 1,20 м (сонда 6). Дебелината на културниот слој во сондите изнесува околу 0,20 м. Во првата сонда се повторува ситуацијата од 2012 до 2014 година, односно се појавуваат два културни слоја. Помлад слој од времето кога наколната населба повеќе не била активна и постар слој, од времето на егзистирањето на населбата. Како се чини, во втората, сонда 6, постои само еден културен слој, најверојатно од времето кога наколната населба повеќе не била активна.

Истражувањата покажаа дека и во двете сонди отсуствуваат остатоците од архитектура, односно нема ин ситу остатоци од дрвени колци, што

најверојатно упатува на заклучокот дека наколната населба се простира дваесетина метри посеверно. Како се чини, овој простор најверојатно служел како одлагалиште на отпаден материјал, но не треба да ја исклучиме и можноста дека во овој простор бил расфрлен материјалот по девастирањето на населбата.

Што се однесува до движниот материјал, во најголема мера, тој се состои од остатоци на фрагментирана садова керамика, а спорадично се појавуваат и остатоци од бронзени и камени алатки, пршлени за вретено, остатоци од плитар, одредени предмети со нејасна намена, згура итн. Исто така, бележиме и наоди на животински коски.

Керамографијата и другите предмети од езерската наколна населба покажуваат блиски врски со локалитетот Килиндир, оддалечен десетина км јужно од Дојранското Езеро. Исто така постојат јасни врски со локалитетите од долните токови на реката Вардар (Кастанас, Вардино, Вардарофца), но и со локалитетите долж Повардарието како што се Манастир-Чашка, Мали дол - Тремник, Уланци, Вардарски рид, Кофилак, како и локалитетите во долината на реката Струма. Таа е посебно културно и хронолошки осетлива и ја сместуваме во рамките на доцната бронзена епоха и преодниот период помеѓу бронзеното и железното време.

*НАЦЕВ Трајче, СЛАМКОВ Емил*

## ЗАШТИТНИ АРХЕОЛОШКИ ИСТРАЖУВАЊА НА ЛОК. БОГОСЛОВ КАМЕН, С. ГОРНИ БАЛВАН, ШТИП

Во текот на изведувањата на заштитните археолошки ископувања во рамките на изградбата на хидросистемот „Злетовица", меѓу останатите загрозени локалитети беше истражуван и археолошкиот локалитет Богослов Камен.

Локалитетот Богослов Камен се наоѓа во непосредна близина на с. Горни Балван, источно од него. Од северната страна локалитетот е заграден со повеќе ридови, додека на југ е отворен кон широката котлина на штипско поле, а на исток кон кочанско поле.

Со овие заштитни археолошки истражувања лок. Богослов Камен е идентификуван како населба од енеолитскиот период, период кој веќе е евидентиран во поблиската околина, јужно преку реката Брегалница лок. „Пилаво" кај с. Бурилчево и источно лок. „Свети Атанас" кај с. Спанчево, Кочанско. Самиот локалитет претставува населба од типот градиште, лесно пристапен само од западната страна каде се откриени и остатоци од одбранбен бедем.

*МАЧКОВСКИ Андреј, ЛЕЈСИ Сара, СТОЈАНОВСКИ Дарко, ТЕМОВСКИ Марјан, НАЦЕВ Трајче, АТАНАСОВ Раде*

## ПЕШТЕРА БУДИМИРИЦА, КАВАДАРЕЧКО: СОНДАЖНО ИСКОПУВАЊЕ 2024

Пештерата Будимирица е лоцирана во клисурата на Каменичка Река, КО Кошани, Кавадарци. Пештерата била одамна позната на локалното население, а првиот спелеолошки опис е објавен во 1971 година. Во непознат момент во 20 век пештерата била посетена од диви копачи при што отворена била голема јама од околу 5 x 1,5 метри. Поинтензивни спелеолошки и геоморфолошки истражувања беа спроведени во 2012/13 година кои резултираа со подетални сознанија за еволуцијата на пештерата во овој карстен предел (Temovski et al., 2016). При овие истражувања изведено беше и радиокарбон датирање на животинска коска извадена од блок бреча, видлив во профилот од диво ископаната јама, со дата од околу 40 000 години. Сондажните ископувања во 2024 година беа спроведени со цел идентификување на потенцијални палеолитски остатоци. Отворена беше една сонда непосредно до јамата и исчистени беа профилите во јамата. Идентификувани се неколку слоја од кои некои содржат археолошки материјал како коски, јагленчиња и доцноантичка керамика.

Беше идентификуван и блокот бреча од кој потекнува коската со старост од околу 40 000 години, при што пронајдени беа и други патинирани животински коски. Слојот под бречата содржи доцноантичка керамика и бројни патинирани стари коски еродирани од бречата. Документираната ситуација повторно ја потврдува комплексноста на формациските процеси во пештерите, кои значително се разликуваат меѓу различни пештери. Во рамки на истражувањата прибрани беа и примероци јагленчиња, коски и карпи за радиометриски датирања со цел потемелно разбирање на хронологијата на развојот на погорните седименти.

*ЈАКИМОВСКИ Антонио, ЛИЛЧИЌ АДАМС Виктор*

## УБИКАЦИЈА НА АНТИЧКИОТ ГРАД ПЕЛАГОНИЈА

Во научната литература во текот на 20 и почетокот на 21 век беа изнесувани разни хипотези за убикацијата на античкиот град Пелагонија, главен град на истоимено античко кралство Пелагонија во раната антика и подоцна, центар на областа Македонија Четврта под Рим во периодот од

168 до 148 година пр. н. е. Во овој прилог ке бидат претставени сите фортифицирани археолошки локалитети на левиот брег на Црна Река, античкиот Еригон, аналогно сведоштвото на географот Страбон, на просторот помеѓу Линкестида и Аксиј.

***Четврток, 21.11.2024***
***трета сесија, 9:00 - 10:30***

*КУЗМАН Паско*

## ЕНГЕЛАНА (КУЛИШТА, КИКЛОПСКИ ЅИДИНИ, НАД СВЕТИ ЕРАЗМО, ГАБАВСКИ РИД)

Познатите „Киклопски ѕидини" (Кулишта) над локалитетот Св. Еразмо се наоѓаат на стрмно издигнатиот гребен Габавски Рид, северозападно во близина на Охридскиот Рид и во непосредна близина до северниот брег од Охридското Езеро. Остатоците од „камената" цивилизација се монументални. Долги години се сметаше дека античкиот Лихнидос (денешен Охрид) се наоѓал на овој рид, а не на местото на кое денес се наоѓа. Се претпоставува дека утврдувањето најверојатно се случило во времето по првата Филипова војна со Илирите во 358 година пред Хр. ера, кога за првпат се спомнува Лихнидсото Езеро во историските извори (Диодор, 16, VIII). Во случајов со „Киклопските ѕидини" (лок. „Кулишта"), се препоставува дека всушност станува збор за дасаретскиот град Енхелана, племенска „престолнина" на Енхелеите (Енгеланите), кој под називот Enchelanae за прв пат се спомнува кај Полибиј (Polybius V, 108), а во врска со воените операции во Дасаретија што ги изведувал македонскиот крал Филип V (221 - 179). Во археолошките извори сѐ уште нема потврда за оваа претпоставка, но досегашните археолошки околности иницираат насоки во таа смисла. Научните интереси за овој археолошки локалитет датираат уште од 1931/1932 година кога г. Вилхелм Унферцакт од Берлин, во соработка со Миодраг Грбиќ, Реишвиц и Келер, ги извршил првите археолошки истражувања благодарение на кои оваа тврдина документирано е влезена во археолошката литература. Во времето од 2008 до 2011 година беа вршени пообемни археолошки истражувања на овој локалитет. Во нашиов прилог ќе се осврнеме на сите досегашни сознанија, со посебно внимание на движните наоди (керамика, оружје и орудија, накит и нумизматички материјал) кои ги потврдуваат некои од досегашните претпоставки, како и овозможуваат нови и побогати сознанија за животот

и егзистенцијата на луѓето од оваа градска античка населба, утврдена со моќни ѕидини уште во втората половина на IV век пред Хр. ера.

*АРЏАНЛИЕВ Пере*

## ПОГРЕБУВАЊА ОД АРХАЈСКИ ПЕРИОД ОД РАСНИЦА КАС С. КОРОШИШТА - СТРУГА

Архајската некропола кај с. Корошишта Струшко не е забележана во Археолошката карта на Република Македонија и е случајно откриена во 2020 година при извршување на земјени работи на нива заради припрема за нејзина земјоделска обработка. При овие земјени работи откриен е бронзен шлем од Халкидски тип и фрагменти од бронзен сад. Според овие наоди но и според ново откриените наоди откриени при археолошките истражувања можеме да ја датираме некрополата во архајскиот период. Таа се наоѓа на само 3 км растојание од многу попознатата Требенишка некропола. И според првичните откритија не заостанува зад оваа некропола. За истакнување е гробницата II која е со импресивна правоаголна гробна конструкција со димензии од 7 м должина и 4.5 метри ширина, грижливо изѕидана по рабовите на јамата со големи камења кои се специјално носени тука да послужат за изработка на гробната конструкција. Според сите карактеристики на материјалот откриен во оваа гробница јасно е дека станува збор за некропола од Архајскиот период која по многу нешта наликува на многу попознатата Требенишка некропола.

Во охридско-струшкиот регион во минатото се истражувани неколку некрополи од овој период. Тоа се веќе неколку пати споменатата Требенишка некропола, потоа некрополите кај селата Радолишта и Делогожда и секако некрополата кај Горна Порта која е дел од градската Лихнидска некропола со што се дојде до сознание дека овој регион во Архајскиот период бил доста значаен и дури можеме да го споредуваме со регионот околу Термајскиот залив каде исто така се откриени десетици некрополи од архајскиот период, заради што се верува дека било јадрото на подоцнежното античко македонско кралство. Со откривањето и секако со истражувањето на архајската некропола кај с.Корошишта сите овие констатации добиваат на тежина, аво исто време археолошката наука ќе ја збогатиме за голем број на нови информации и секако со новооткриена археолошка граѓа.

*ЧАУСИДИС Никос*

## ПОГРЕБНИ АПЛИКАЦИИ ЗА ДЛАНКИ И ЗА ТАБАНИ ВО ДОЦНОАРХАЈСКИТЕ НЕКРОПОЛИ ОД МАКЕДОНИЈА

Во богатите гробови од доцноархајските некрополи во Македонија, покрај другите погребни апликации наменети за покривање деловите од телото на покојниците, се откриваат и примероци предназначени за нивните дланки и табани. Изработени се од злато, сребро или позлатено сребро, а најверојатно биле аплицирани не директно врз посочените делови, туку на ракавиците и обвуките кои биле на нив навлечени. Засега се публикувани дваесетина апликации за дланки и десетина за табани, откриени на некорполите од Охридскиот Регион (Требениште и Горна Порта), Ахлада кај Лерин, Синдос кај Солун, Архонтико кај Пела и од уште еден непознат локалитет. Во рефератот ќе бидат визуелно претставени овие примероци заедно со документација која се однесува на контекстите на нивното пронаоѓање и датирање.

Особено внимание ќе се посвети на ликовните мотиви застапени на нив, изведени во техника на отиснување со слободна рака или со готови матрици. Важно место ќе им се даде и на аналогиите т. е. сличните објекти или постапки евидентирани во други култури, повеќе или помалку оддалечени од овие наоди во географска и во хронолошка смисла и тоа со цел да се открие генезата на македонските примероци и нивната очевидна симболичка т.е. религиска намена. Во фокусот на презентацијата ќе биде иконографската анализа на ликовните мотиви, т. е. орнаментите кои се на нив втиснати, со обид за идентификување на одделните елементи и композиции и откривање на нивното митско-религиско значење. Врз основа на резултатите од овие анализи и компарациите со примери од други култури и епохи, ќе се предложат хипотези околу фунерарниот карактер на присутните симболи и композициии, а со тоа и култната намена на овие предмети во рамките на погребниот ритуал и на верувањата кои се однесуваат на задгробната судбина на покојниците.

*ЈАКИМОВСКИ Антонио, ЛИЛЧИЌ АДАМС Виктор, ТЕМЕЛКОСКИ Душко*

## КУЛТНИОТ КАРАКТЕР НА МОНУМЕНТАЛНАТА ГРОБНИЦА НА ЛОКАЛИТЕТОТ ПАВЛА ЧУКА, БОНЧЕ

Во периодот од 2006 до 2024 год., беа археолошки ископани остатоците на монументалната раноантичка гробница на Павла Чука, Бонче. Паралелно, и во зависност од расположливите финансиски средства, беа ископува-

ни делови од големата јужна некропола на големиот град на локалитетот Старо Бонче, каде беа откриени голем број гробови од раната антика. Со продолжителните археолошки ископувања на сектори околу гробница на Павла Чука, беа откриени гробови распоредени околу гробницата надвор од гробниот круг, како и еден гроб бр. 3 на самиот ѕид. Погребувањата кај гробницата датираат од доцната антика 5 - 6 век, потврдено со монети пронајдени во гробовите, како и подоцна од 10 и 11 век, што укажува на долговековниот култен карактер на монументалната гробницата.

## *Четврток, 21.11.2024*
## *четврта сесија, 10:45 - 12:30*

*ЃОРЃИЕВСКИ Дејан*

### ОБРЕДИ ВРШЕНИ ВРЗ КАРПА ВО ХЕЛЕНИСТИЧКИОТ СЛОЈ ОД ГРАДИШТЕ ВО МЛАДО НАГОРИЧАНЕ

Локалитетот Градиште во Мл. Нагоричане, релјефно е поделен на 3 дела, од кои највисокиот дел е искористен за градење на хеленистичка градба – палата (?), средниот за дополнително, внатрешно утврдување на палатата, додека долниот дел е веројатно населбата. Но, од северната страна на Долната тераса постои карпест дел со издлабени скали, кој го истражувавме во три сезони. Утврдивме постоење на интервенции во карпата која е обликувана во вид на олтар, големо количество на керамика од хеленистичкиот период, јами, фигуринки и на други наоди кои упатуваат дека тој дел претставувал некој вид светилиште направено во карпата.

*МИРОСЛАВ Петковски, ЃОРЃИЕВСКИ Дејан*

### ГРАДИШТЕ – МЛ. НАГОРИЧАНЕ, ИСТРАЖУВАЊА 2024 г.

Локалитетот Градиште во Мл. Нагоричане, е истражуван од 2014 г., кога е откриена голема градба на највисокиот дел од ридот, со простории со боени зидови, јонски капители, анти и керамика која е произведена во егејските центри. Во 2024 г., во скромен обем е истражуван западниот и југозападниот дел од т. н. палата, кои претставувале помошни и складишни простории. Иако не се раскошни како останатите простории, имавме интересни резул-

тати кои помагаат во точното датирање на градбата и нејзината судбина. За првпат е документиран слој над спалувањето на објектот, додека на подното ниво од спалениот слој се откриени повеќе наоди кои помагаат во негово попрецизно датирање.

*АНГЕЛОВСКИ Бошко, ЈАКИМОВСКИ Антонио*

## АРХЕОЛОШКИ ИСТРАЖУВАЊА НА ЛОКАЛИТЕТОТ ДРМА – БАДАР 2022 И 2024 ГОДИНА

Археолошките истражувања на локалитетот „Дрма – Бадар“ кај с. Бадар започнаа во текот на 2014 год. и со исклучок на 2015 и 2023 год., се реализираат во континуитет. Објектот којшто се ископува е римска вила за која што во досегашната фаза на истраженост не би можело со сигурност да се каже дали станува збор за полски имот или вила субурбана во рамките на еден поголем населбински простор, за што индиции за размислување остава и секундарно употребената греда во функција на праг на влезот од триклиниумот во југозападната просторија од економскиот дел од градбата како и присуството на градежен материјал на еден поширок простор на теренот.

Една од провокациите за отпочнување на истражувањата беше идејата да се откријат траги со којшто би се доближиле до евентуалната убикација на градот Бедеријана, којшто го споменува и Прокопиј во неговите дела „За Градбите“ и „Тајната Историја“ како родно место на императорот Јустин, вујко на императорот Јустинијан. Индиции за тоа несомнено дава и топонимот на селото Бадар, во којшто недвосмислено може да се препознае континуитетот на името на градот.

Досегашниот археолошки материјал, особено монетите, локалитетот го сместуваат во една хронолошка рамка од почетокот на IV до првите децении на V век, што секако не оди во прилог на решавање на проблемот за неговата убикација, но можеби следните истражувања ќе ја променат таа перцепција. Истовремено покрај оваа локација, во непосредна близина на с. Бадар професорот В. Лилчиќ Адамс го идентификува Бадерското Кале кое го споменува А. Еванс, со локалитетот Маркови Кули/Град Кожле/Кастелото, Летевци којшто врз основа на археолошкиот материјал, пред се монетите го смесува во периодот од IV до VI век, меѓутоа за докажување на тезата несомнено би требало да се извршат археолошки истражувања и на оваа предложена локација.

*МАНАСКОВА Маѓдалена, КОСТАДИНОВ Злашко*

## ДОЦНОАНТИЧКИ БРОНЗЕНИ РАЧНИ ФУРКИ ОД ВИНИЧКО КАЛЕ

Приборот за предење волна не се споменува во делата на античките автори како дел од mundus muliebris, единствениот концепт чијашто основна природа е детерминирана со поврзаноста за конкретен род. Сепак, претставите на надгробните споменици ги вклучуваат и фурките и вретената меѓу предметите поврзани со женскиот принцип. Рачните фурки, без разлика на материјалот од којшто биле изработени, во стручната археолошка литература биле интерпретирани на разни начини: како козметички и фармацевтски алатки, шноли, вотивни предмети и др. Со комбинација на етноархеолошки и археолошки методи, ваквите интерпретации се отфрлени. На археолошкиот локалитет Виничко Кале откриени се една цела и две фрагментирани бронзени фурки, коишто се предмет на анализа на овој текст. Според типологијата на Грација Фачинети, фурките со прстенест завршеток се делат на типови врз основа на начинот на моделирање на нивниот врв (геометриски облици или фигурални претстави) и следствено, една од фурките од Виничкото Кале може да се детерминира како тип Ib. Предењето волна претставувало дел од секојдневието на жените во антиката, но и постојан и неоспорен симбол на женската доблест. И покрај тоа што производството на ткаенина е исто толку монотоно како и секоја друга секојдневна работа, сепак вретената и фурките како симбол се ненадминати при демонстрирањето на статусот и моќта на materfamilias и недвосмислено поврзани со сите аспекти на животот на жените, од раѓањето, преку бракот, па сè до смртта.

***Четврток, 21.11.2024***
***петта сесија, 12:45 - 14:145***

*ЛИЛЧИЌ АДАМС Виктор и ЈАКИМОВСКИ Антонио*

## ВОЕНИОТ СИНЏИР НА АНТИГОН ГОНАТА ЗА ОДБРАНА НА ЛИНКЕСТИДА, ДЕВРИОП, АГРИАНИЈА ПЕЛАГОНИЈА И ДАСАРЕТИЈА

Со долгогодишните теренски археолошки истражувања во областите на Битолскиот дел на Линкестида и Демирхисарскиот дел на Девриоп,

евидентиравме концентрација на гранични кастели со воени единици на македонскиот крал Антигон Гоната. Се работи за Кале село Ѓавато, Кале, село Лера, Градиште село Граиште (античкиот град Брианиј), Градиште село Жван и Кула, село Бабино. Познато е дека Антигон II Гоната ја обезбедил источната граница на Македонија и оформил ланец на тврдини на јужната граница кон Ајтолија. Антигон преземал походи на северната граница во 276 и 274 година пред н. е., така што можеби од тоа време датира воениот синџир негови тврдини на линијата од Ѓавато до Бабино, а можеби и Железнец. Меѓутоа изнесуваме преглед на кастелите во областите Агрианија, Дасаретија и Пелагонија, од кој што може да се навестат воените активности на Антигон II Гоната за нивна одбрана.

*ВАСИЛКОВА МИДОСКА Анита*

## НЕКОИ ОСОБЕНОСТИ НА ГРОБОВИТЕ ОД АНТИЧКАТА НЕКРОПОЛА НА ЛОКАЛИТЕТОТ КАЛЕ/ГРАДИШТЕ КАЈ СЕЛО ЗГРОПОЛЦИ

Целта на оваа презентација е да се претставаат дел од гробовите од античката некропола на локалитетот Кале – Згрополци со особен акцент на гробовите кои содржат примероци од златен накит. Кај сите гробови кои се дел од презентацијата застапен е ритуалот на кремација и изобилуваат со богат фонд на гробни прилози кои ја рефлектираат „елитната“ класа на оваа населба. Најголемиот дел од гробовите, според гробниот репертоар, припаѓаат на женски покојници и преку гробните прилози ги отсликуваат уметничките и стилистичките афинитети на доцнохеленистичкиот и раноримски период односно го опфаќаат периодот од II век п.н.е. до I век н.е.

Презентацијата е базирана на три основи:

- општ преглед на накитот од аспект на наодите и нивната поврзаност со други гробни предмети, гробни форми и нивното место во општиот преглед на некрополата;

- иконографијата и естетиката во смисла на сликовно прикажување, украсување, уметнички вкус и влијание во поширокиот регион на античкиот свет; и

- религиозното односно сакралното значење како рефлексија на социјалниот статус и верувањата и меѓусебниот однос на целокупниот репертоар на гробни дарови односно прилози.

Оваа презентација, впрочем претставува обид за делумна консолодација на идејата за уметничките, историските, социо-економските и религиозни аспекти на античката популација на локалитетот Кале/Градиште кај село Згрополци.

*КУЗМАНОСКИ Игор*

## НОВ МИЛЈОКАЗ ОД ТЕРИТОРИЈАТА НА СКУПИ

За време на заштитните археолошки истражувања на просторот од Југоисточната некропола на Скупи во 2008 година, на земјишната парцела кп. 328/2 која се наоѓа во непосредна близина на источната граница од римскиот град Скупи, се пронајдени три нови милјокази. Спомениците се пронајдени во северниот дел од парцелата, во група и соборени, притоа два од милјоказите биле искршени на половина. Според стратиграфската поставеност и идентификацијата на владетелите од натписите, милјоказите хронолошки припаѓаат на III век. Со овие три нови споменици се зголемува фондот на досега објавените милјокази од поширокатa територија на Скупи. Нивното проучување, освен што дава податоци за патната мрежа околу градот, отвора можност и за нови согледувања и делумна реконструкција на политичката историја во поширокиот среднобалкански регион. Во оваа прилика ќе биде презентиран само еден од милјоказите.

*ЃОРЃИЕВСКА Лидија*

## МОНЕТИ ОД КОВНИЦИТЕ СТОБИ И ВИМИНАЦИУМ ЗАСТАПЕНИ ВО ЗБИРКАТА НА ЛУ НАРОДЕН МУЗЕЈ ВЕЛЕС

Во овој труд ќе бидат презентирани монети од ковниците Стоби и Виминациум кои се застапени во Нумизматичката збирка на ЛУ Народен Музеј Велес. Опфатени се 20-тина монети, 5 примероци од ковницата Стоби и 15 примероци од ковницата Виминациум. Целта на презентацијата е да даде придонес во нумизматиката во однос на циркулацијата и застапеноста на одредени монети од римскиот период на овие простори.

Од мала пајонска населба Стоби во римско време прераснува во најголем град во северниот дел на Македонија. Лоциран на крстопат на главните рути на Балканскиот полуостров локација на градот, кој се наоѓал на вкрстувањето на патните комуникации, кои воделе кон важни градови и региони му овозможиле значајна стратегиска, воена и трговска положба. Ковницата во Стоби е единствената монетарница на територијата на денешна Република Македонија од римскиот период. Таа ковала бронзени монети за 11 императори или членови на нивните семејства. Во нумизматичката збирка на ЛУ Народен Музеј Велес застапени се монети на следниве императори Тит и Домицијан (79 - 81 н. е.), Трајан (98 - 117 н. е.), Марко Аурелиј (161 - 180 н. е.) и 1 примерок од т. н. „псевдоавтономни" монети. Овој примерок е пронајден на археолошкиот

локалитет Кале/Градиште – с. Згрополци при археолошките истражувања во 2018 год. и ја покажува комуникацијата на овие две соседни населби.

Виминациум еден од најважните легиски логори на Дунав и извесно време главен град на римската провинција Горна Мезија, за време на владеењето на императорот Гордијан III, се здобива со статус на колонија и право да кова пари, а ковницата егзистирала 16 год. (239 - 256 год. н. е.). Во текот на своето постоење издала монети на голем број императори и членови на нивните семејства со препознатлива иконографија на реверсот. Во нумизматичката збирка на ЛУ Народен Музеј Велес застапени се 15 монети со изданија на следниве императори Гордијан III (238 - 244 н. е.), Филип I (244 - 249 н. е.), Трајан Дециј (249 - 251 н. е.), Хостилијан (251 н. е.) и Волусијан (251 - 253 н. е.).

*ЛИЛЧИЌ АДАМС Виктор, ШИРТОВСКИ Игор, ПЕТКОВСКА Андриана*

## КАРАКТЕРОТ НА АРХЕОЛОШКИОТ ЛОКАЛИТЕТ КАЛЕ ДУБ КАРАБАЛИ БОГДАНЦИ ВО РАНОВИЗАНТИСКИОТ ПЕРИОД

Во рамките на повеќегодишните рекогносцирања на Валандовскиот, Гевгелискиот и Дојранскиот Регион, се издвои археолошкиот локалитет Кале Дуб Карабали, Богданци како особено доминантна кота со далечни визуелни можности на север, северозапад кон рановизантиските кастели Жапката, Валандово и Мамино, Ѓавото, меѓутоа и на југ во правец кон Тесалоника, каде што допрва треба да се идентификува најблискиот рановизантиски кастел.

## *Четврток, 19.11.2024*
## *шеста сесија, 16:00 - 17:45*

*SNIVELY Carolyn S.*

## EXCAVATION AT GOLEMO GRADIŠTE, KONJUH, 2024

Excavation at the site of Golemo Gradište, village of Konjuh, Kratovo, continued in May and June 2024. Five areas of the anonymous Late Antique city were investigated by members of the North American-Macedonian team.

The courtyard east of the baptistery on the south side of the Episcopal Basilica extends to the east; no east wall has yet come to light. To the south the terrace wall that marks the southern edge of the episcopal complex also continues to the east; it had been damaged in antiquity.

The purpose of Trench 174, opened in 2023 and located east of the apse of the Episcopal Basilica, is to define the stratigraphy of the earlier urban phases of the site below the 6th century city. This year deposits associated with the entrance to a building were excavated, with coins and abundant pottery, which should provide precise chronological data.

The last room of the square building attached to the north side of the Episcopal Basilica was excavated; we now have a complete plan, but the purpose of the structure remains uncertain. The western entrance opens onto a street, kaldrma covered by packed gray earth, which runs along the west wall of the square building.

At the southwest corner of the northern terrace, investigation of the fortification wall continued briefly in 2024. Two trenches revealed walls and other features, whose connection with the fortification wall and with one another—chronologically and functionally—remains unclear.

The most exciting discovery of the 2024 season was Basilica B, located beside the Kriva River at the north edge of the city. Apparently somewhat smaller than the Episcopal Basilica but more solidly constructed and possibly earlier, the new church promises new information about the practice of Christianity in the anonymous city. Details are provided in a separate presentation.

*ИВАНОВИЌ Радомир*

## БАЗИЛИКА Б НА ЛОКАЛИТЕТОТ ГОЛЕМО ГРАДИШТЕ С. КОЊУХ

На локалитетот Големо Градиште во с. Коњух во 2019 година се извршија геофизички истражувања на дел од северната тераса. На резултатите од овие истражувања се појавија повеќе линеарни аномалии што беа интерпретирани како архитектонски остатоци. Во 2023 година, стручниот тим кој го истражува локалитетот за првпат постави контролни сонди на една од аномалиите со цел да се проверат резултатите од геофизичките истражувања. Иако истата година истражувањата беа со помал обем, веднаш се пронајде квалитетно граден ѕид со ориентација север – југ кој целосно се поклопува со интерпретираната аномалија.

Во истражувачката сезона во 2024 година се поставија три сонди на истата локација при што се пронајде нова Базилика Б. Се работи за

квалитетно градена трокорабна базилика, позиционирана веднаш до одбрамбениот бедем на Крива Река. Декоративните елементи што се откриени со овие истражувања се мошне слични со оние откриени во Епископската базилика и Ротондата, но димензиите на архитектонските елементи како и димензиите на ѕидовите сугерираат дека се работи за базилика различен период.

Во овој текст ќе бидат презентирани податоците добиени со археолошките истражувања на објектот во последните две години.

*ANTONARAS Anastassios C.*

## PRODUCTION TECHNIQUES AND ARCHAEOLOGICAL INSIGHTS OF GOLD MOSAIC TESSERAE. DISCUSSING SOME EASTERN MEDITERRANEAN EXAMPLES

Gold glass tesserae were widely utilized to lavishly decorate early Christian buildings, often meticulously removed after their destruction or abandonment. However, small indications of their presence can still be found at excavation sites, and when identified, these fragments can provide important insights for archaeologists and art historians.

These glass tesserae were crafted from rectangular glass tiles, consisting of a relatively thick glass mass onto which gold leaf was applied and sealed under a fine layer of colorless glass. Such tiles have been documented in several excavations across the Balkans, Asia Minor, and Syro-Palestine, dating back to the 6th century AD. Although small fragments of these tiles are frequently uncovered during excavations, they are not always recognized or included in archaeological reports.

This paper will focus on gold sandwich glass tiles predominantly from the episcopal site of Louloudies in Pieria, northern Greece, which was active from the 5th to the 7th centuries. It will explore the methods of their production, the variants present, and the nature of these small, inconspicuous archaeological finds.

At least 62 tile fragments have been discovered at 54 different spots within Louloudies. The study aims to contextualize these artifacts within the site, where the remains of wall mosaics have not survived, and where detailed excavations have revealed only a few scattered gold tesserae.

*СЕРАФИМОВА Маринела, АТАНАСОВА Илинка*

## СТУДИСКИ МАТЕРИЈАЛ ОД СТАКЛО ОД СЕКТОР ЕПИСКОПИУМОТ НА АРХЕОЛОШКИ ЛОКАЛИТЕТ БАРГАЛА

Градот Баргала, што опстојувал во провинцијата Македонија Втора од IV век наваму, зафаќа простор со ориентација северозапад-југоис¬ток, во вкупна површина од 4,85 ха. За неговиот карактер и значење постојат голем број на објавени статии и трудови.

На археолошкиот локалитет Баргала при археолошките истражувања извршени во седумдесетите години на минатиот век и капиталните истражувања од 2007 до 2011 година е откриен и богат фонд на движен археолошки материјал изработен од стакло.

Постоењето на работилница за производство на стакло, засега единствена во поширокото опкружување нè упатува на важноста од посеопфатна обработка на откриениот движен наод изработен од стакло и стаклена паста.

Студискиот материјал од стакло, како и движниот археолошки материјал од керамика и метал откриени при истражувањата на работилницата за стакло, на локалитетот Баргала ќе бидат предмет на презентација и подетално истражување за овој труд. Акцентот во овој труд ќе биде ставен уште еднаш на работилницата со печка за стакло, откриена во кула 7 од фортификацијата на градот Баргала, за која постојат веќе неколку публикувани трудови, дополнето со резултатите од обработката на студискиот материјал кој, во најголем процент е откриен во објектите од Сектор Епископиум, а конкретно во просторот на работилницата за стакло како и на просторот на Епископската Базилика, иако не помалку е откриван и на останатиот простор во рамки на фортификацијата од археолошкиот локалитет Баргала. Во сочуваните фрагменти постојат како полуфабрикати за понатамошна обработка, исто така и фрагменти од рамно прозорско стакло, евидентирани се и фрагментит од стаклени садови: чаши, унгвентаруми, пехари, и др.

*ANGELOFF Nick*

## THE UTILITY OF LIDAR AND GROUND PENETRATING LIDAR AT CRNOBUKI GRADISHTE AND DEMIR KAPIJA

Two years of work at Crnobuki Gradishte and initial work at Demir Kapija in collaboration with the Museum Bitola and Institute Prilep have yielded valuable geospatial data. This data has been used to guide excavations at Crnobuki and is providing high resolution data for Institute Prilep to inform existing traditional

mapping of the region. Cal Poly Humboldt Cultural Resources Facility presents the results of these data and encourages its use throughout Macedonia to further the understanding of the scope and scale of known and previously unknown, world class archaeological resources.

## *Четврток, 19.11.2024*
## *седма сесија, 18:00 - 19:30*

*ФИЛИПОВИЋ Војислав, БУЛАТОВИЋ Александар*

### АРХЕОЛОШКИ ФАЛСИФИКАТИ ИЗ ОКОЛИНЕ ПОЖАРЕВЦА

Током претходних година, локалне полицијске управе Браничевског округа предале су велики број заплењених покретних археолошких налаза Народном музеју Пожаревац. У највећем броју случајева, материјал је заплењен приликом рутинских саобраћајних контрола. Услед близине Виминацијума и вишедеценијских борби са дивљим археолозима, полиција у овом делу Србије знатно је више усмерена на рад и сусретање са предметима културне баштине, него што је случај у другим регионима. Такође, активност и број кустоса локалног музеја, као и пројекта Виминацијум, доприноси да се археолози и припадници полиције чешће срећу и више сарађују него што је то уобичајено. Поред великог броја оригинаних и аутентичних предмета из свих периода праисторије и историје који су предати Музеју, кустоси су издвојили и одређени број фалсификата, од којих су се, квалитетом израде и потенцијаном вредношћу, посебно издвојили предмети од бронзе и један предмет од олова. Они су овом приликом анализирани недеструктивном методом ED-XRF спектрометрије, као и ручним pXRF уређајем. Биће приказани резултати мерења, као и поређење са аутентичним примерцима из хронолошких периода који одговарају копијама. Предмет анализе биле су две, наводно бронзане фигурице, бронзана парагнатида, бронзане корице мача и оловни округли медаљон са рељефном представом, а сви ови предмети требало би, наводно, да припадају римском културном кругу. Праисторија је „заступљена“ паром бронзаних кнемида. Анализом је утврђено да су поједини предмети рађени од скоро чистог бакра, тј. вероватно електролитичког бакарног лима какав се производи у модерној металургији обојених метала. Од бакарног лима направљене су кнемиде, корице мача и парагнатида, док састав бронзе од којих су направљене обе фигурице такође указује на модерно време и савремене материјале изузетне чистоће.

*ТАЛЕВСКИ Христијан*

## ДИГИТАЛНИ АЛАТКИ ЗА МАПИРАЊЕ НА АРХЕОЛОШКОТО РЕЗОНИРАЊЕ И ТОЛКУВАЊЕ

И покрај огромниот број можности и алатки за објавување на резултати од теренски археолошки истражувања, значаен дел од процесот на расудување и донесување одлуки во текот и после теренските археолошки истражувања останува целосно непознат. Дополнително, без пристап до необработена архивска документација од истражувањата, многу податоци со значителен потенцијал да донесат други еднакво веродостојни објаснувања и различни перспективи остануваат непознати. Многу често, она што е неопходно додека критички толкуваме резултати од истражувања е недвосмислено потенцирање на останатите можни веродостојни толкувања, направено од оној/оние што податоците ги добил/е од прва рака.

Предложениот труд презентира концепт за развој на компјутерски систем кој би овозможил ефикасен и отворен пристап до информации, според веродостојноста структурирани на различни нивоа. Почнувајќи од она што го знаеме и основните графички, алфанумерички и друг вид податоци, потоа, кои информации се извлечени без да се навлезе во толкување и завршувајќи со тоа како тие се толкуваат.

Предложениот концепт е заснован на употребата на проширена Харисова матрица, алатка која служи за виртуелна реконструкција во археологијата со IBE (inference to best explanation) и EBI (explanation before inference) како теоретска рамка. Преку презентираниот концепт се прави обид за воспоставување на силна врска помеѓу географските информациски системи, моделирањето базирано на слики и алатките за интеракција со алфанумерички и графички податоци во повеќедимензионална виртуелна средина. Предложениот концепт се совпаѓа со растечкиот тренд на етичка употреба на вештачката интелигенција во археолошките истражувања, нагласувајќи ја потребата од креативност во секој аспект од човечкиот живот, потребата од интеракцијата меѓу луѓето и нивната способност да измислуваат и толкуваат нешта на начин на кој машините не можат. Тренирањето на алгоритми со податоци и информации складирани во систем како предложениот, има потенцијал тие да се користат за предвидување на најверојатна хронолошко-типолошка идентификација на наод или група наоди. Тоа би придонело кон зголемена ефикасност на археолошките истражувања. Притоа оставајќи доволно простор за зајакнување на останатите сегменти во истражувачкиот процес. Иако во моментов се недостапни алатки за употреба на вештачка интелигенција во процесот на археолошко резонирање и толкување, првите симулации се очекуваат релативно наскоро.

*MEDIN Dušan*

## O ARHEOLOŠKIM ZBIRKAMA I IZLOŽBAMA U CRNOJ GORI DANAS

U ovom radu autor istražuje aktuelno stanje arheološke prakse i muzeologije u Crnoj Gori, sa posebnim fokusom na javne kulturne institucije koje posjeduju arheološke zbirke, kao što su muzeji i galerije u državnom vlasništvu. Istraživanje uključuje detaljno ispitivanje izazova u postojećim postavkama ovih ustanova, pri čemu se u obzir uzimaju različiti aspekti – od metoda postavljanja eksponata do uočenih problema vezano za zastarele i konvencionalne pristupe. Uprkos dinamičnom razvoju u savremenoj muzeologiji, mnogi muzeji u Crnoj Gori i dalje "čuvaju" tradicionalne i neosvježene izložbe, koristeći neadekvatne promotivne materijale, legende i ostale kanale vidljivosti, kojima ne uspjevaju da dovoljno informišu i motivišu posjetioce.

Dalje, izlaganje obrađuje problem prikaza eksponata koji često ne uspjevaju da privuku pažnju publike, kao i nedostatak savremenih internet prezentacija koje bi ove zbirke učinile dostupnijim i informativnijim. Jedan od važnih segmenata analize odnosi se na prisutnost muzeja na društvenim mrežama, gdje se primjećuje elitistički pristup koji otežava komunikaciju sa širom zajednicom i ne omogućava participativno uključivanje lokalne javnosti u očuvanje i vrednovanje baštine.

Takođe, kritički se pristupa i pitanju društvene inkluzivnosti, pri čemu se razmatra kako crnogorski muzeji u uglavnom trenutno ne ispunjavaju savremena očekivanja u vezi sa inkluzivnošću i ne pridržavaju se modernih definicija muzeja prema Međunarodnom savjetu muzeja (ICOM) i Konvenciji o vrijednosti kulturne baštine za društvo (Faro konvencija).

Nasuprot tome, posljednjih godina, nekoliko arheoloških izložbi u Crnoj Gori doživjelo je značajne promjene, s akcentom na upotrebu novih tehnologija i inovativnih, participativnih metoda koje privlače širu publiku. Efikasnost ovih novih postavki ohrabruje i biće dodatno istražena i analizirana u okviru naše prezentacije.

*ТЕМЕЛКОСКИ Душко, СТОЈАНОВСКИ Антонио*

## ВИРТУЕЛНА РЕКОНСТРУКЦИЈА НА АДМИНИСТРАТИВНАТА ЗГРАДА НА АГОРАТА ВО СТИБЕРА

Со цел да се презентира на подруг начин репрезентативноста на административната зграда на агората во Стибера, направена е нејзина виртуелна реконструкција преку графичка анимација во рамки на првата фаза од

проектот „Оживување на Стибера“. Изработен е виртуелен тридимензионален модел на зградата, при што се следени резултатите од археолошките ископувања, како и претпоставени архитектонски решенија за горните ѕидани партии и изведба на покривот.

По подготовката и оптиматизација на генерираните векторски планови и фотографии за соодветниот софтвер, изработени се 3Д модели, по што следеше обработка на текстури и генерирање на фотографии. После мапирањето на текстурите и вметнувањето на материјали на моделите, се изврши рендерирање, со што се доби крајна виртуелна реконструкција во видео и панорама формат.

Зградата на агората веројатно била решена како перистил со двориште - атриум, со централно плато со бунар, поплочено и преградено со мермерни парапети. Ова прифатливо решение е врз основа на тоа што при археолошките истражувања е евидентирана мала концентрација на покривна керамика покрај ѕидовите, а и висината до која е сочуван јужниот ѕид упатува на тоа дека градбата била без прозорци.

Со виртуелната реконструкција е претставен изгледот на источниот ѕид, во чии ниши стоеле мошне значајните наоди од мермер, бистата на Фаустина II и арата посветена на Хермес, божество кое покрај другите задолженија, бил патрон и на трговците. Исто така, покрај овој ѕид биле поставени и двете мермерни маси, од кои мерната маса за течности е исклучително вреден наод. Со презентацијата се добива одредена претстава како административната зграда на агората во Стибера би можела да изгледа.

## *Петок, 20.11.2024*
## *осма сесија, 9:00 - 10:30*

*ЦВЕТАНОВ Душко, РАБАЏИСКА Марија*

### КАРАКТЕРИСТИКИ И ВЛИЈАНИЈА ВРЗ НЕКРОПОЛАТА НА ЛОКАЛИТЕТОТ СВ. 40 СЕВАСТИСКИ МАЧЕНИЦИ – С. БАНСКО ВО КОНТЕКСТ НА ВРЕМЕНСКИТЕ ПРИЛИКИ (XIV - XVII ВЕК)

Локалитетот Св. 40 Севастиски маченици се наоѓа на околу 0,5 км северно од селото Банско, односно 10 км југоисточно од градот Струмица. Овој манастирски комплекс бил изграден покрај една од најбитните средновековни комуникации кои, поминувајќи во Подбеласичкиот регион, ја поврзувал Струмица со најзначајните центри на Балканот: Сер и Констан-

тинопол. Поседувањето на синтронос во апсидата на црквата се доволна потврда за значењето на овој сакрален објект што упатува на заклучок дека бил епископско седиште. Според архитектонската изведба и остатоците од мермерниот иконостас, црквата била изградена во крајот XI и почетокот на XII век.

По пауза од речиси четири децении во 2023 и 2024 година повторно се започна со археолошки истражувања на овој доста значаен локалитет. Истражувачките работи се одвиваа на просторите северно и јужно надвор од црквата, каде беа откриени и документирани 39 погребувања. Најголем дел од откриените погребувања според откриениот движен материјал хронолошки ги сместуваме во турското средновековие од XV до XVII век. Период за кој веќе имаме податоци од опширните Турски пописни дефтери од XVI век, во кои се споменува и населеното место Банско или Илица (топла минерална бања).

Поради значењето на термалните извори и лековитите особености на водата, бањите кај селото Банско во отоманскиот период привлекувале голем број на посетители. Концентрацијата на луѓе на овој простор било повод да се развие и пазар.

Во атарот на денешното село Банско, најголем дел од истражувачите на отоманскиот период го убицираат Долјанскиот панаѓур. Во контекст на временските прилики за кои веќе имаме пишани извори ќе дадеме еден осврт на конекциите на некрополата со населенот место Банско, како и можната локација на еден од најголемите пазари во Отоманската империја.

*ПЕТРОВ Орданче*

## ПЕРФОРИРАНИ ЌЕРАМИДИ ОД КАЛЕ – СТРЕЗОВ ГРАД

Во овој труд ќе биде прикажан еден тип на керамички кровни покривачи откриени при ископувањето на Кале – Стрезов Град, с. Челевец, Демир Капија. Овие кровни покривачи кои потекнуваат од средната градежна фаза на црквата, односно на периодот од крај на 12 до 14 век, се одликуваат со тоа што кај голем број на примероци се среќава перфорирање на горната страна на ќерамидата. Ваквото перфорирање е направено пред сè од практични, конструктивни причини и од потребата која што ја имале во однос на позицијата на која е изградена црквата. На ова место ќе се обидеме да дадеме нивен краток приказ, со анализа на функцијата, типлогијата и датацијата на истите. Притоа ќе се дадат аналогии на слични примероци од просторот на медитеранот, како и нивно интерпретирање, според пишаните извори.

*ТЕМЕЛКОСКИ Душко, КРСТЕСКИ Владимир, ЈАНДРЕСКА Оливера*

## ИСТРАЖУВАЊА ВО СЕВЕРНОТО ДВОРИШТЕ НА МАНАСТИРСКИОТ КОМПЛЕКС ТРЕСКАВЕЦ

Во 2023 и 2024 година се истражуваше северното дvориште од манастирскиот комплекс „Успение на Пресвета Богородица“ во месноста Трескавец, село Дабница. Со претходни истражувања на поширокиот простор е потврдено егзистирање на дел од античката населба Колобаиса (II век пр. н. е. - IV век), по што следува користење на просторот во доцната антика, рановизантискиот и византискиот период. Континуитетот на егзистирање продолжува и за време на османлискиот период, сѐ до денешно време. Особено е значаен развојот на религиозниот карактер на местото, во античко време презентиран со храм посветен на Аполон и Артемида, подоцна со ранохристијанска црква и средновековен манастирски комплекс со византиската црква посветена на Пресвета Богородица.

Истражувањата во северното дvориште на манастирскиот комплекс сѐ со цел добивање на сознанија за културната стратиграфија во тој дел, а пред отпочнувањето на негово партерно уредување. Откриени се остатоци од неколку градби од спомнатите временски периоди на егзистирање на просторот. Но, пореметените земјени слоеви во кои е пронајден мноштво движен материјал, го отежнуваат осознавањето на неговиот археолошки контекст во однос на градбите, односно нивна взаемна хронолошка поврзаност. Истото може да се каже и за двата објекти од кои се откриени сегменти од нивните основи издлабени во карпестиот терен.

Евидентирани се разни облици на керамичка садова продукција, стаклени садови и други предмети од керамика и метал (орудија и накит). Особено впечатливо е присуството на поголем број на бронзени монети датирани од IV до VI век, а значајни наоди претставуваат автономната монета на градот Тесалоника од II век пр. н. е. и најстариот наод на монета на македонскиот крал Антион Гонат.

Во периодот од XII до XIV век просторот добива фунерарен карактер. Откриени се гробови, оформени со подлабоки или поплитки, правоаголни и трапезоидни издлабувања во карпестиот терен. Неколку гробови имаат оформена алвеола, типична за тоа време.

*СТОЈКОСКИ Слободан*

## АРХИТЕКТОНСКИ КАМЕНИ ЕЛЕМЕНТИ И КАМЕНА ПЛАСТИКА ОД АРХЕОЛОШКИОТ ЛОКАЛИТЕТ „ЈЕНИ ЏАМИЈА“ - БИТОЛА

Уметничката галерија „Јени Џамија“ - Битола е археолошки локалитет на кој се работи од 2003 година. Започнати се истражувањата од д-р Томе Јанакиевски во рамки на проектот „Убикација на средновековна Битола“, продолжени се од Гордана Филиповска Лазаовска, од 2004 до 2011 г., и од Слободан Стојкоски 2017 до 2021 г.. На локалитетот е откриен сакрален христијански објект од поголеми размери и пронајдени се голем број остатоци од архитектонски камени елементи и камена пластика кои на различен начин биле искористени во и околу објектот.

Воведот во конкретната тема за остатоците од камен пронајдени во рамки на археолошкиот локалитет „Јени Џамија“ - Битола ќе ги опфати локацијата и значењето на локалитетот. Визуелно ќе се презентираат остатоците од архитектура со осврт на значењето и видот на камен искористен при изградба на христијанскиот сакрален објект. Посебно внимание ќе биде обрнато и на врзивниот материјал, односно малтерот преку кој се определуваат и фазите на објектот.

Главната цел на темата е презентација на неколку позначајни артефакти од камен и мермер со соодветно датирање. Конклузивните размислувања се во однос на реконструктивна проспекција и идни мерки на презентација во рамки и надвор од локалитетот.

***Петок, 20.11.2024***
***девета, 10:45 - 12:15***

*СЕКУЛОВ Ване П.*

## ОД ХЕРМЕС ДО ХРИСТОС ГЕНЕЗА НА РАЗВОЈОТ НА ПОГРЕБНИТЕ ОБИЧАИ НА НЕКРОПОЛИТЕ НА СПОМЕНИЧКАТА ЦЕЛИНА ЦРВЕНО ПОЛЕ

Археолошкиот локалитет Црвено Поле се наоѓа на планината Огражден, во југоисточниот регион на Македонија, во близина на македонско-бугарската граница.

На плато сместено на јужните падини на планината Огражден, со површина од 27 хектари и просечна надморска височина од 1 200 метри речиси 5 века, од крајот на 1 до средината на 6 век од нашата ера, егзистирала населба.

Покојниците биле погребани во две некрополи, веднаш источно од самата населба, на врвовите на два рида, со добро избрани доминантно видливи позиции од сите страни, високо над јужниот брег на реката Белогажица со прекрасен поглед на нејзината долина.

Погребувањето во некрополата Гуштерова Чукарка започнало кон крајот на 1 век од нашата ера. Покојниците биле кремирани, најчесто на самото место во правоаголни погребни јами со кружни камени венци со пречник и до 4 метри.

Тие верувале дека душата на покојникот продолжува да живее во местото каде што бил погребан и затоа неговиот вечен дом бил снабден со сè што му е потребно за животот по смртта.

Кај жените и децата најчесто се додавале керамички садови, накит и пари. Мажите со себе го „носеле" и своето лично вооружување.

Оружјето би било ритуално „убиено" пред да биде ставено во гробот. Кога ќе умре воинот, умира и неговото оружје.

Црвенополците ги почитувале своите традициите дури и кога го прифатиле христијанството во 4 век. Во машките гробови веќе нема оружје, но одредено време најтврдокорните сè уште се кремирани, паралелно со инхумацијата.

Кога на ридот Гуштерова чукарка немало повеќе место, на почетокот на 5 век почнале да ги погребуваат своите мртви уште поблиску до населбата, на врвот на Спасов Рид. Ископале длабоки, многу фини, правоаголни јами во карпата, кои потоа ги затвориле речиси херметички со камени плочи. Тие не ја заборавија својата традиција и со камен венец го одбележувале местото на погребот.

*ШТЕРЈОВ Митко, СЕКУЛОВ Ване П.*

## МОГИЛА 4: ЛОКАЛИТЕТ БЕШ ТЕПЕ-АНЧЕ, с. КАРБИНЦИ

Археолошкиот локалитет Беш Тепе - Анче, кој во Археолошката карта на Р Македонија е заведен како градска населба од римското и доцноантичкото време, се наоѓа на околу 600 - 700 метри југоисточно од селото Карбинци, од левата страна на патот за селото Радање.

Топонимот Беш Тепе преведен од турски јазик значи пет рида, што пак според археолошката топонимија, значи дека на овој простор има 5 могили. Што во овој случај се потврдува.

Една могила истражил бугарскиот археолог Иван Венедиков во 1942 година, втората могила била уништена некаде во 50-тите години од 20 век со земјоделски работи. Во 2013 година НУ Завод и Музеј, Штип изврши археолошки истражувања на една од преостанатите 3 могили при што се откри многу интересна гробна структура над кремиран покојник.

Во моментот на пишувањето на абстрактот НУ Завод и Музеј, Штип започна со археолошки истражувања на могилата 4 со надеж дека до отпочнувањето на 27 симпозиум на МАД могилата ќе биде истражена, а содржината пронајдена во неа ќе биде интересна од археолошки аспект за да биде презентирана пред почитуваниот аудиториум.

Могилата 4 се наоѓа 121,50 м североисточно од веќе истражената Могила 3. Таа е деформирана со орањето на земјоделското земјиште, на чијашто површина се наоѓа и има елипсовидна форма со должина, во правец ЈЗ - СИ од 28,55 м., ширина ЈИ - СЗ од 25,32 м и висина од 4,70 м.

*ДОНЕВ Дамјан, ВАЈЗОВА Барбора, ИВАНОВИЌ Радомир*

## СИСТЕМАТСКИ РЕКОГНОСЦИРАЊА КАЈ СЕЛО НАКОЛЕЦ, ПРЕСПА

Кон крајот на 2021 год., авторите на овој труд изведоа систематско рекогносцирање на теренот во атарот на село Наколец, на источниот брег на Преспанското Езеро. Целта на нашето излагање е да се претставaт резултатите од ова истражување. Беа откриени и мапирани повеќе нови локалитети од хеленистичкиот, римскиот и средновековниот период, што укажува на густата населеност на истражуваното подрачје во минатото.

Освен откривањето на овие непознати епизоди од историјата на населбинското живеење во овој крај, ќе биде неопходно и да се истакнат методолошките аспекти на истражувањето. Во најголем дел од Преспанската Котлина преовладуваат специфични услови на теренот кои не секогаш дозволуваат примена на стандардните методи на теренски преглед. Проучувањето на овој крај бара посебен пристап, приспособен на локалните услови, па во таа смисла, можеби најголема придобивка од ова рекогносцирање е собраното искуство кое може да биде од голема корист за идните проучувачи на овој крај.

*ПЕТКОВСКИ Мирослав*

## ТЕРЕНСКА ЕВИДЕНЦИЈА НА ЛОКАЛИТЕТИ ВО КУМАНОВСКО – РЕКОГНОСЦИРАЊЕ 2023 Г.

Поривот за откривање на нови локалитети, како и потребата од увид во состојбата на веќе постоечките археолошки локалитети во Кумановскиот Регион, резултираше со археолошко истражување - рекогносцирање спроведено од НУ Музеј - Куманово во 2018 г. Проектот беше насловен како „Теренска евиденција во функција на заштита на локалитетите во Кумановско по долината на реката Пчиња и нејзината околина". Истражувањата опфатија повеќе локалитети од Општините Куманово и Старо Нагоричане. Притоа беа откриени и некои нови, односно досега незапишани локалитети. По одредена пауза, во 2023 г. рекогносцирањата продолжија, само сега проектот беше со наслов „Теренска евиденција во функција на заштита на локалитетите во Кумановско". Истражувањата сега беа насочени во јужниот и југоисточниот дел на Кумановско. Притоа беа опфатени територии на повеќе села врзани само за Општина Куманово. Приоритет им беше даден на селата од т. н. „которски крај". Понатаму концентрацијата беше насочена кон селата во околината или во близина на претходните. Користејќи ги записите на Ј. Ф. Трифуноски и Ј. Хаџи-Васиљевиќ, а водејќи се и по топонимите од топографските карти, беше постигнат одреден успех со евиденција на некои нови локалитети, кои не се запишани во Археолошка карта на Република Македонија (Том II, 1996, Скопје). На пример, селата Кокошиње и Кутлибег воопшто не се споменати во АК на РМ, а таму имаше одредени резултати. Посетивме и места коишто им се познати на археолозите, но не се целосно презентирани или публикувани. Истаржувањата беа продолжени и во 2024 г., само сега во условно речено средишниот северен дел на Кумановската Област (за нив во друга прилика).

ИЛИЕВСКИ Александар

## ТИПОЛОГИЈА НА ФРИТИЛУСИТЕ ОД СТОБИ

Во овој труд ќе се зборува за фритилус, односно тоа се мали чаши кои се користеле за мешање на коцки за играње. Вакви чаши, во контекст заедно со коцки за играње се пронајдени во Помпеи. Во неколку форми, односно вкупно 26 фритилуси ќе бидат детално обработени во обој труд. На балканот, но и пошироко, овие мали чаши се познати како "амфора стопери" или затварачи за амфори.

*АТАНАСОВА Илинка*

## ПРЕДМЕТИ ОД КАМЕН И КОСКА ОД РАНОЕНЕОЛИТСКОТО СВЕТИЛИШТЕ СВ.АТАНАСИЈ

Во репертоарот на движни наоди откриени на светилиштето Свети Атанасиј кај село Спанчево, Кочанско, според досегашните теренски и кабинетски истражувања доминираат антропоморфни и зооморфни фигуринки кај кои при технолошкиот процес во производството бил користен необработен вулкански камен како јадро. Освен во технолошкиот процес на изработка на фигуринките, на светилиштето е откриен и релативно богат фонд на предмети изработени од камен и коска. Во процесот на изработка на предметите од камен, примарна улога имале локалните површински лежишта на минерали, секако со одредени исклучоци на импорт по пат на размена.

Светилиштето Свети Атанасиј кај село Спанчево е на самиот раб на алувијалната Кочанска Котлина и вулканската Кратовска Област. Според геолошката градба поширокиот простор го сочинуваат карпи со различна старост и различни литолошки карактеристики, од кои најзастапени се големи маси од вулкански: андезити, дацити, туфови, бречи, игнимбрити и сл.

Лесно достапните природни суровини веројатно биле и причина за голем процент на откриени камени алатки. Во богатиот фонд на предмети од камен се издвојуваат алатки со различни својства, застапени во различни форми и типови: делкани, мазнети и абразивни предмети од камен изработени претежно од песочници кои служат за брусење на други предмети од камен или од коска: глачалици, рачни мелници, брусеви, растирачи, но и делкани ножеви, секири со и без отвор за дршка, длета, боздоган и сл. Голем дел од камените алатки биле користени и при обработката на предмети од коска.

| | |
|---|---|
| АНГЕЛОВСКИ Бошко | д-р Бошко Ангеловски, научен советник<br>Институт за страсоловенска култура – Прилеп<br>Ул. Кичевско џаде, бб, Прилеп<br>boshko81@hotmail.com |
| ANGELOFF Nick | MA Nick Angeloff<br>Poly Tech Humboldt University,<br>Cultural Resources Facility, Department of Anthropology, Arcata, California, USA<br>Nicolas.Angeloff@humboldt.edu |
| ANTONARAS Anastassios C. | Dr Anastassios C. Antonaras<br>Ministry of Culture, Museum of Byzantine Culture<br>Thessaloniky, Greece<br>andonar@physics.auth.gr |
| АРЏАНЛИЕВ Перо | м-р Перо Арџанлиев, кустос советник<br>НУ Археолошки музеј на Република Северна МАкедонија<br>Ул. Кузман Капидан 82, 6000 Охрид<br>Perekutika@yahoo.com |
| АТАНАСОВА Илинка | Илинка Атанасова, кустос советник<br>НУ Археолошки музеј на Р С Македонија- Скопје<br>Гоце Делчев – 109, Кочани<br>Ilinka.atanasova@gmail.com |
| ВАСИЛЕСКИ Александар | д-р Александар Василески, виш научен соработ.<br>ЈНУ Институт за старословенска култура - Прилеп<br>aleksandar.vasileski@isk.edu.mk |
| ВАСИЛКОВА МИДОСКА Анита | д-р Анита Василкова Мидоска, кустос советник<br>ЛУ Народен музеј Велес<br>ул. 8-ми Септември бр. 22, Велес<br>anitavasilkova@gmail.com |

| | |
|---|---|
| ВАЈЗОВА Барбора | Барбора Вајзова<br>Археолошки Институт,<br>Чешка Академија на Науки, Прага<br>barabora.weissova@gmail.com |
| BULATOVIC Aleksandar | Dr Aleksandar Bulatović, Principal Research Fellow<br>Institute of archaeology, Belgrade<br>abulatovic3@gmail.com |
| ДОНЕВ Дамјан | Дамјан Донев, научен соработник<br>Институт за Национална Историја, Скопје<br>Григор Прличев 3, 1000 Скопје<br>damjaned@gmail.com |
| ЃОРЃИЕВСКА Лидија | Лидија Ѓорѓиевска<br>Климент Охридски 35 Велес<br>l_gjorgjievska@yahoo.com |
| ЃОРЃИЕВСКИ Дејан | Дејан Ѓорѓиевски, виш кустос<br>НУ Музеј Куманово<br>Доне Божинов 24, Куманово<br>dejangorgievski@gmail.com |
| ИВАНОВИЌ Радомир | м-р Радомир Ивановиќ, виш кустос<br>НУ Археолошки Музеј Скопје<br>Кеј Димитар Влахов 66<br>ivanovicradomir@gmail.com |
| ИЛИЕВСКИ Александар | Александар Илиевски<br>Национална установа Стоби<br>Археолошки локалитет Стоби, 1420 Градско<br>aleksilievski777@gmail.com |
| ЈАКИМОВСКИ Антонио | д-р Антонио Јакимовски, редовен професор<br>Филозофски факултет - Скопје<br>Бул. Гоце Делчев, 9а, Скопје<br>antonio@fzf.ukim.edu.mk |

| | |
|---|---|
| ЈАНДРЕСКА Оливера | м-р Оливера Јандреска, виш кустос<br>НУ Завод и музеј Прилеп<br>oliveravera@gmail.com |
| КОСТАДИНОВ Златко | Златко Костадинов, кустос<br>ЛУ Музеј Теракота, Виница |
| КРСТЕСКИ Владимир | Владимир Крстески, конзерватор<br>НУ Завод и Музеј Прилеп<br>Александар Македонски 400<br>vladokrsteski03@yahoo.com |
| КУЗМАН Паско | м-р Паско Кузман<br>Вапилон<br>Крсте Мисирков 8, Охрид<br>paskokuzman@gmail.com |
| КУЗМАНОСКИ Игор | м-р Игор Кузманоски, кустос советник<br>ЈУ Музеј на град Скопје<br>ул. Коле Неделковски бр.5/2-6, Скопје<br>igorkuzmanoski@gmail.com |
| ЛЕЈСИ Сара | д-р Сара Лејси, доцент<br>Универзитет во Делавер (САД)<br>salacy@udel.edu |
| ЛИЛЧИЌ АДАМС Виктор | д-р Виктор Лилчиќ Адамс, редовен професор<br>Филозофски факултет - Скопје<br>Мавровска 21 Ѓорче Петров 1060<br>viktorlilcik@gmail.com |
| МАНАСКОВА Магдалена | м-р Магдалена Манаскова, кустос<br>НУ Археолошки Музеј – Скопје<br>Даме Груев 3/5-2 Скопје<br>magdamanaskova@gmail.com |
| МАЧКОВСКИ Андреј | м-р Андреј Мачковски<br>Универзитет во Берн<br>Mittelstrasse 43, 3012, Bern<br>andrej.maczkowski@unibe.ch |

| | |
|---|---|
| MEDIN Dušan | MA Dušan Medin, saradnik<br>Fakultet za kulturu i turizam<br>Univerziteta Donja Gorica<br>Podgorica, Crna Gora<br>dusan.medin@gmail.com |
| МИТКОСКИ Александар | Александар Миткоски, кустос советник<br>НУ Завод и Музеј Прилеп<br>Александар Македонски 400<br>amitkoski@yahoo.com |
| НАУМОВ Гоце | д-р Гоце Наумов, доцент<br>Центар за истражување на предисторијата<br>Киро Крстески Платник 9, 1000 Скопје<br>gocenaumov@gmail.com |
| НАЦЕВ Трајче | д-р Трајче Нацев, редовен професор<br>Универзитет " Гоце Делчев " Штип<br>Ул. Сремски фронт бр. 27/5, Штип<br>trajce.nacev@yahoo.com |
| NOVAKOVIĆ Predrag | Dr. Predrag Novaković, professor<br>University of Ljubljana, Faculty of Arts<br>Ljubljana, Slovenia<br>predrag.novakovic@ff.uni-lj.si |
| ПЕТКОВСКА Андиана | м-р Андриана Петковска, виш соработник<br>Управа за заштита на културното наследство<br>andriana.petkovska@gmail.com |
| ПЕТКОВСКИ Мирослав | Мирослав Петковски, виш кустос<br>НУ Музеј Куманово<br>Доне Божинов 24, Куманово<br>miki.petkovski10@gmail.com |
| ПЕТРОВ Орданче | д-р Орданче Петров, научен соработник<br>ЈНУ Институт за старословенска култура – Прилеп<br>Ул. Кичевско џаде, бб, Прилеп<br>ordance.petrov@gmail.com |

РАБАЏИСКА Марија
м-р Марија Рабаџиска, водич-едукатор
НУ Археолошки музеј на Македонија
marija.rabadziska@hotmail.com

РУЈАК Зоран
м-р Зоран Рујак, кустос советник
НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј Струмица
Ул.27 Март бр.2, 2400 Струмица
zoranrujak@yahoo.com

СЕКУЛОВ Ване П.
Ване П. Секулов, кустос советник
НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј Струмица
Димитар Влахов 1-1, Струмица
v.p.sekulov@gmail.com

СЕРАФИМОВА Маринела
Маринела Серафимова, кустос
НУ Завод и Музеј - Штип
Кеј Маршал Тито бр.2, Штип
mace_serafimova@hotmail.com

СИНАДИНОВСКИ Перо
м-р Перо Синадиновски
Македонска 16, Делчево
arheoper@gmail.com

СЛАМКОВ Емил
Емил Сламков, кусос советник
Национална установа Музеј - Гевгелија
ул. Маршал Тито, бр. 26, Гевгелија
emilmuzejgev@gmail.com

SNIVELY Carolyn / СНАЈВЛИ Каролина
Prof. Carolyn Snively, PhD
Gettysburg College
Ul. Vladimir Komarov 15/20, Skopje
csnively@gettysburg.edu (karolstobi@hotmail.com)

СТОЈАНОВА КАНЗУРОВА Елена
м-р Елена Стојанова Канзурова, кустос советник
НУ Археолошки музеј на Македонија
elena_mk2004@hotmail.com

| | |
|---|---|
| СТОЈАНОВСКИ Антонио | Антонио Стојановски<br>с. Кутретино, Демир Хисар<br>babegutot@gmail.com |
| СТОЈАНОВСКИ Дарко | д-р Дарко Стојановски<br>Австриска Академија на Науки - Австриски Археолошки Институт / Универзитет Гоце Делчев-Штип<br>darko.stojanovski@aeow.ac.at |
| СТОЈКОСКИ Слободан | Слободан Стојкоски, виш кустос<br>НУ Завод и музеј Битола<br>slobodanstojkoski@yahoo.com |
| ТАЛЕВСКИ Христијан | д-р Христијан Талевски, виш научен соработник<br>ЈНУ Институт за старословенска култура - Прилеп<br>hristijan.talevski@isk.edu.mk |
| ТЕМЕЛКОСКИ Душко | Душко Темелкоски, кустос советник<br>НУ Завод и Музеј Прилеп<br>Александар Македонски 400<br>duletem@yahoo.com |
| ТОДОРОСКА Валентина | м-р Валентина Тодоровска<br>Кеј 8ми Ноември бр.24/6, Струга<br>t.valentina23@gmail.com |
| FILIPOVIĆ Vojislav | Dr. Vojislav Filipović, Senior Research Associate<br>Institute of archaeology, Belgrade<br>Vfilipov1@gmail.com |
| ЦВЕТАНОВ Душко | д-р Душко Цветанов, конзерватор советник<br>НУ Завод за заштита на спомениците на културата и музеј Струмица<br>ул. Младинска бр.95 - Струмица<br>duskocvetanov@live.com |

ЧАУСИДИС Никос
д-р Никос Чаусидис, редовен професор
Филозофски факултет, Универзитет Св. Кирил и Методиј - Скопје
ул. АФЖ бр. 9-б. 1000 Скопје
chausidis@gmail.com

ШИРТОВСКИ Игор
Игор Ширтовски, надворешно стручно лице
Управа за заштита на културното наследство
Ул. „Павел Шатев„ бр. 3, Скопје
i.sirtovski@uzkn.gov.mk

ШТЕРЈОВ Митко
д-р Митко Штерјов, кустос советник
НУ Завод и Музеј - Штип
Кеј Маршал Тито бр.2, Штип
sterjovgmitko@gmail.com

# БЕЛЕШКИ / NOTES

Реализирано со финансиска поддршка на Министерството за култура

Република Северна Македонија

**Министерство за култура**